A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)

(/default)

МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 07.12.2019

На 06.12.2019 во 22.30часот во с.Жеровјане, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода лицето А.И.(42) од с.Чегране, поради тоа што при извршен преглед кај него била пронајдена бела прашкаста материја. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен содветен поднесок.

На 05.12..2019 во 22.30 часот, полициски службеници од Полициската станица Гевгелија на ул.„Маршал Тито" во Гевгелија ги лишиле од слобода Б.П.(19), А.Н.(18), Ф.Д.(18), Ѓ.К.(18) и П.П.(20), сите од Гевгелија, поради тоа што при преглед кај нив била пронајдена марихуана. Исто така, марихуана била пронајдена и одземена при претрес во домот на Б.П., извршен со судска наредба. Лицата биле приведени и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.12.2019 во 14.15 часот на Граничен премин „Деве Баир", при пасошка контрола било констатирано дека патната исправа на З.Ф.(52) од Р.Албанија била фалсификувана. Лицето било лишено од слобода, а подоцна и предадено на полициски службеници од Полициска станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

СВР Куманово на 03.12.2019 година поднесе кривична пријава против Д.Ј.(32) од Куманово, за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 23.07.2019 околу 23.00 часот на ул.„В.Маслеша", при извршен преглед кај него бил пронајден и одземен кокаин.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Џ.Р.(34) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 07.03.2019 полициски службеници извршиле претрес во куќата во која престојувал пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана и трамадол.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против С.Л.(53) од с.Долна Белица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 19.07.2019 полициски службеници извршиле претрес во дом на пријавениот, при што пронашле ловна пушка и 87 парчиња муниција од различен калибар.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кавадарци поднесе кривична пријава против 16-годишен малолетник од Гевгелија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување употреба на наркотични дроги". На 07.09.2019 во 22.30 часот пријавениот му посредувал на Т.М. од Велес за набавка на марихуана.

На 06.12.2019 во 11.30 часот во Полициската станица Кисела Вода, Д.В.(54) од Скопје пријавил дека на ул.„Христо Татарчев" бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

СВР Куманово поднесе кривична пријва против Г.С.(20) од с.Гошинце, општина Липково, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 25.07.2019 на пат

кај брана Глажња - Липково, Г.С. со товарно возило „мерцедес" вршел превоз на огревни дрва и дрвни сортименти без лиценца.

На 06.12.2019 во 12.40 часот во СВР Куманово, Г.Ј.(34) од с.Биљановце, кумановско, пријавил дека околу 09.20 часот од дворно место на основно училиште во Куманово неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 07.12.2019 во 00.40 часот, полициски службеници од СВР Штип во Штип го лишиле од слобода Т.К.(24) од Штип, поради тоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против А.М.(35) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". Пријавениот на 15.02.2019 на И.Т. од Кочани му продал марихуана, по што, на 16.02.2019 полициски службеници извршиле претрес во патничко возило и во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле дигитална вага и дробилка со остатоци од марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Радовиш поднесе кривична пријава против К.И.(26) и Ј.К.(21), двајцата од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пустошење на шума". На 08.08.2019 на место викано „Распатие" во ШСЕ „Смрдешник" исекле и одзеле дабови стебла како огревно дрво, предизвикувајќи штета на ШСЕ „Смрдешник" од 94.290 денари.

На 06.12.2019 во Полициската станица Чаир, малолетник од Скопје пријавил дека околу 19.45 часот, на ул.„Александар Урдаревски" бил физички нападнат од неколку малолетници, со остар предмет, при што се здобил со повреда. Тој бил префрлен во Градската општа болница „Свети Наум Охридски", а потоа е пуштен на домашно лекување. Сторителите ѝ се познати на полицијата и се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 06.12.2019 во 18.00 часот во Полициската станица Центар, Е.М.(35) од Скопје пријавила дека во 02.00 часот во угостителски објект на бул. „Митрополит Теодосиј Гологанов" била физички нападната од Д.Н. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Р.Б.(30) од с.Корошишта, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „бесправно градење" и „узурпација на недвижност". Во текот на 2019 на катастарска парцела во Корошишта, пријавенот во својство на инвеститор, без да

поседува одобрение, изградил објект за домување и узурпирал земјиште во државна сопственост.

На 07.12.2019 во Полициската станица Аеродром, Б.Н.(23) од Скопје пријавил дека околу 04.30 часот на бул.„12-та Македонска бригада" бил физички нападнат од С.Л.(45) од Скопје, Л.Ѓ.(21) од Скопје и С.К.(42) од с.Батинци, скопско. Против нив се поднесени поднесоци по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 06.12.2019 околу 08.20 часот во СВР Битола било пријавено дека настанал пожар во шупа на бул.„1 Мај", сопственост на Г.Т.(56) од Битола. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Битола, а повредени лица нема. Увид на местото извршила екипа од СВР Битола.

На 06.12.2019 во 14.45 часот во Полициската станица Гази Баба, Џ.А.(30) од с.Арачиново, скопско, пријавил дека околу 14.10 часот на ул.„Перо Наков" бил физички нападнат од две лица, поради недоразбирање околу истовар на товарно возило кое го управувал Џ.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.12.2019 во 09.45 часот во СВР Скопје, В.С.(54) од Скопје пријавила дека околу 06.20 часот на ул.„Ташко Караџа" била касната од куче скитник на левата надколеница.

На 06.12.2019 во 12.00 часот во СВР Скопје, од приватна здравствена установа од Сарај било пријавено дека кај нив било донесено повредено лице. Полициски службеници излегле на местото и било констатирано дека станува збор за Ф.А.(36) од с.Сарај, кој според пријавеното во с.Сарај бил физички нападнат со остар предмет од С.И.(43) од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)